УДК: 341.78(497.16:496.02)"1879/1912

Jovan Muhadinović. *Osmansko poslanstvo i Muslimani Crne Gore 1879-1912*. Matica crnogorska, Podgorica, 2022, 231. [Јован Мухадиновиќ, *Османската мисија и Муслиманите во Црна Гора 1879-1912.* Матица црногорска, Подгорица, 2022, 231]

Во текот на 2022 година во издание на „Матица црногорска" од Подгорица на црногорски јазик на вкупно 231 страница излезе од печат книгата *Osmansko poslanstvo i Muslimani Crne Gore: 1879-1912,* од авторот Јован Мухадиновиќ.[1]

Книгата претставува прв обемен научен труд специјализиран за работата на османската мисија во Црна Гора во период од нејзиното ослободување па сè до 1912 година. Трудот е заснован врз основа на информации од сочувани архивски документи. Фокусот на трудот е ставен на воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу Црна Гора и Османлиската империја кои кратко по меѓународното признавање на Црна Гора на Берлинскиот конгрес во 1878 година и по- векевековните судири ги воспоставуваат дипломатските односи. Една година подоцна била отворена и дипломатска мисија со седиште во Цетиње. Црна Гора пак, како независна држава, го отвара своето прво дипломатско претставништво токму во Цариград.

Авторот ја поделил монографијата на следните тематски целини: Вовед; Акредитација на османската мисија на Цетиње во 1879 година; Османската мисија во спроведувањето на одлуките од Берлинскиот конгрес; Правата на османските поданици и емигранти во Црна Гора по Берлинскиот конгрес; Прва посета на књазот Никола на Царинграад во 1883 година; Напорите на црногорските и османските амбасадори во реализацијата на Бојанското прашање; Придонесот на османската мисија во развојот на трговските односи помеѓу кнежевството Црна Гора и Османлиското Царство; Заслугите на османската мисија во изградбата на добрите црногорско-турски односи од 1883 до 1909 година; Отворање на вицеконзулатот на Османското царство во Црна Гора; Последиците на Малисорското востание во 1911 година на црногорско-турските односи; Балканската војна и

[1] Јован Мухадиновиќ е роден на 1983 година во Цетиње. Тој е докторанд по историја на Филозофскиот факултет во Никшиќ, каде што предходно ги завршил и додипломските и магистерските студии. Автор е на повеќе од 30 научни трудови. Предмет на истражување на Мухадиновиќ се историјата на Црна Гора во XIX и XX век, како и историјата на Југославија од 1918 до 1992 година. Тој е вработен како кустос во музејот во рамки на Централната банка на Црна Гора во Цетиње.

прекинот на добрите дeцениски односи помеѓу двете земји; и Заклучок.

Црна Гора ги воспоставува дипломатските односи со Османлиската империја со испраќањето на војводата Станко Радоњиќ во Цариград, додека во есента 1879 година на Цетиње пристигнува Халид беј, кој му ги предава акредитивните писма на књазот Никола, со што и официјално се воспоставуваат дипломатските односи. Во периодот на хармоничните односи помеѓу двете земји во Цетиње биле акредитирани вкупно 11 амбасадори од Османлиската империја. Нивна најзначајна задача била исполнувањето на обврските од Берлинскиот конгрес, каде што особено значајна била точката која се однесувала на граѓанските слободи на муслиманите кои останале да живеат во Црна Гора, како и решавањето на имотните односи на муслиманите кои што емигрирале.

Периодот на добри односи помеѓу двете земји се потврдува со посетите на кнезот Никола на султанот Абдул Хамид во 1883 и 1899 година. На посочените посети во Цариград присуствувале и османските амбасадори во Цетиње. За време на средбите двата владетели воспоставиле исклучително пријателски односи кои понатаму директно влијаеле и на дипломатски односи помеѓу двете земји.

Со цел на обезбедување на плодно земјиште за жителите на двете земји, од исключителна важност било прашањето за исушување на Скадарското езеро. Иако со ова прашање се занимавале неколку амбасадори во Цариград и Цетиње, сепак тоа останало нереализирано, пред сè бидејќи тогаш Османлиската империја се занимавала со други позначајни прашања.

Трговските односи помеѓу двете земји биле значајно подобрени во посочениот период. Црна Гора по војната добива значаен број на трговски центри, а занаетчиството продолжува да се развива, пред сè заради муслиманското население кои останува да живее во земјата. Благодарение на воспоставените дипломатски односи, двете земји потпишале и таканаречен Трговски договор.

Добрите односи завршуваат со анексијата на Босна и Херцеговина од страна на Австроунгарија во 1908 година. Особено е значајно потенцирањето на авторот на монографијата дека добрите односи помеѓу двете земји завршуваат со свргнувањето од власт на султанот Абдул Хамид II, кој се покажал како пријател на Црна Гора.

Со Малисорското востание кое избива во 1910 година односите помеѓу двете земји дополнително се влошуваат. Османските власти сметале дека Црна Гора го подржува востанието со оружје и воен кадар. И покрај убедувањето на црногорскиот конзулат во Скадар и црногорските власти дека не стојат позади востанието, на тоа било гледано со недоверба од страна на Цариград.

Сплетот на геополитички состојби и настани на Балканот во посочениот период довеле до тоа да односите помеѓу двете земји веќе никогаш не се подобрат. Тие ги прекинуваат дипломатските односи и веќе во 1912 година Црна Гора со балканските со-

јузници влегува во војна против Османлиската империја.

По заклучокот авторот дополнително ја збогатил монографијата со информации и прилози. Најпрвин направил листа од османските амбасадори во Цетиње во периодот од 1879 до 1912 година. Во продолжение таксативно се наведени османските вицеконзули акредитирани во Црна Гора. Дополнително, авторот вклучил три прилози кон делото. Во првиот прилог од преку триесетина страници е прикажан селектиран избор на текст од поглавјата на англиски јазик. Вториот прилог содржи листа на избрани фотографии, меѓу кои особено значајни се сликите од архивот на Истанбулскиот универзитет. Третиот прилог содржи листа на избрани архивски документи прибавени од следните извори: Државен архив на Црна Гора – Цетиње, Фонд на министерството за внатрешни работи, Архивско-библиотекарското одделение на Народниот музеј на Црна Гора, како и фондот Никола I – Цетиње.

По прилозите следи список на извори и литература поделена на три дела: користени архивски фондови, користена литература и користени весници. На крајот од книгата е содржана кратка биографија за авторот.

Обработените документи во овој труд даваат значајни податоци за различни состојби во Црна Гора во посочениот период. Збогатувањето на книгата со стари фотографии му дава дополнителна вредност на делото при што истото ќе биде од големо значење како за историчарите и османистите, така и за пошироката читателска публика чиј интерес е минатото на Црна Гора и Османлиската империја. Токму затоа, овој труд претставува значајно дело кое ги поставува основите на оваа специјализирана тема и дава значаен придонес за балканската историографија.

Мирољуб Орландиќ
Повереник на „Матица Црногорска" во РСМ

Неџад Мехмедовиќ
Институт за национална историја, Скопје